**Васил Мукаетов**

# АЈ ПОГОДИ!

## пишуваме, стихуваме, допишуваме.

**На**
**Матеј и Калин,**
**моите внучиња.**

***Скопје, 2011***

*Библиотека*

**СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА**

**Поезија за деца и млади**

Уредник:
**Мишо Китановски**

Корица и илустрации:
**Наташа Костовска**

# Пишуваме, стихуваме, допишуваме.

Книгава ја правиме заедно со вас – децата читатели.

Ова се песни дополнувалки. Книгава е заедничка – јас ја напишав, вие ќе ја завршите. Ќе ги дополните одговорите, ќе ги допишете и ќе ги придружите на насловите.

И секој автор ќе си се потпише на својата книга.

***На работа!***

Требаат само моливче наострено и размислување. Без брзање молам.

А може во оваа работа да ви помогнат и родителите, па и роднините, во тоа нема лутење.

И еве ја нашата поетска збирка, сместени во кориците на „Ај погоди“. Се разбравме ли? Ете зошто во поднасловот запишавме: „пишуваме, стихуваме, допишуваме“.

Тука е и содржината. Таму се и одговорите, на прочитаните песнички – гатанки. Колку да се провериме. Ѕирни ако затреба, ама јас не верувам. Вие лесно ќе ги завршите песничките.

Пријатно!



## ПЕСНИ ПОДНОВЕНИ, ОД ВАС ДОПИШАНИ И НАСЛОВЕНИ

Нема песни со слава,
без опашка и без глава.

И од далеку се гледа,
во песничките за деца,
да е се како што треба.

Зборот в’празно да не шета.
не е птица се што лета.

Од писателите се решава,
се што ќе се дешава.

Каде што ќе сместат,
или ќе преместат:

Пеперутки, полжави, цветови.
Реки, морињa, светови.
Дождови, облаци,
и сончеви зраци!

Сончогледите,
сладоледите,
и дрворедите!

Во песничките што следуваат
се децата ќе средуваат.

Што во поракава се крие?
Што напишав, напишав.
Крајот и насловот
ќе го средите - вие!

Секој нека прочита,
и нека се сети.

А јас - како што ветив:
-Сите сме заедно
Поети!

# БЛИЗОК СВЕТ: ЦВЕЌИЊА, ИГРИ И ПО НЕКОЈ ТРОТИНЕТ

## ПО ПОЛЕ ПЛЕНИЛО, ЦРВЕНИЛО

Во нашиот убав
и шарен свет.
 - Ништо поцрвено - од овој цвет!

Крај пруги, по меѓи,
на ливади зелени,
сонца по поле преселини!

Здивот застанува,
цело поле
во црвено се бранува.

За овие румени бранувања
се знаат две именувања:

За сестра ми Јулка,
ветрето лулка ____________.

За други:
Летото со иста слика.
Расцвета________________.

# АПРИЛ ГО УКРАСУВА

Овој цвет
го пропатувал
сиот свет!

Каде ли не стасува.
Нема град,
кај што не украсува!

Во паркови,
во леи.
Крај скверови, алеи.

По татковината
- Холандски.
Секогаш засадени плански.

Низ тревници,
и внимавајте
-таму, крај ветерници!

Цвеќарите се убедени:
-Неговите луковици,
се чуваат и зиме,
во визби подредени.

Расцветува,стасува
април го украсува.

Во нашите предели,
прецветува
за две - три недели.

# ПЕСНИ СО СТАВ.
# СЕ ШТО ТЕ ОПКРУЖУВА:
# ОД ТОРБА – ДО СТРАВ!

## СИТЕ БУКВИ ЗАЕДНО

Аз, буки, веди...

Во стари книги
ќе се види.
Една по една,
ќе се следи...

Ова е претходницата
на ќирилицата.

За првачето
назначено:
Коса тенка, па дебела!
Една дури научи,
поминала недела!

Неменливи, правила златни:
Имаме ракописни,
и печатни.

Во писмената, во домашните
дилемите разјаснети:
И мали и големи запишуваш.

Со големи секогаш,
се потпишуваш!

Г - најважно за Горан.
Со З - се гордее Зоран!

## И БРЗИНИ И КРИВИНИ

Од секогаш
се размислувало
-се пронаоѓало,
се напредувало.

За децата - со посебен мерак!

Сети се дали некогаш,
на три тркалца
точаче си терал?

На времето - работа кралска
и гордост маалска.

Па се напредувало,
се измислувало:
Без малку, секаде по светот
во мода влегол тротинетот!

И пак:
Се размислувало,
се напредувало.

Сигурно си бил горд
ако си возел - ски борд.

Со две лица, на тркала штица.

Пак нови моди:
Сега, на тркалца се оди!
Се шета и се лета!

## ПОРАСНУВАМЕ, ЗГОЛЕМУВАМЕ!

Две сестри се караат.
Се расправаат!

Имаат исти знаци
и се близнаци.

Погледни и ѕирни
тие се проѕирни.

Велат:
-сработуваме
се што е ситно запишано,
го зголемуваме.

Гостуваме:
- кај саатчиите,
ботаничарите,
хемичарите...

Се што со око
е недогледливо.
И букви и бројки,
со нас,
прочитано убедливо.

И на глобусите
и на картите.
Се што е ситно покриено,
откриено!

## ЖИВОТНИТЕ ГЛАВНА ФОРА

Се пишуваат,
се објавуваат,
песни, романи, новели...
Тука се луѓето во улоги славни.

Но, има творби нешто
што ги дели.
Не се луѓето главни.

А сепак се читани и
- популарни!

На сето згора,
овде се животните главна фора!
Тие разговараат,
прашуваат и одговараат!

Преку нив писателите
зборуваат.
И пак човечките мани
ги обелоденуваат!

Улогите, сменети.
Променети.

Непознато не ни е.
Секогаш завршуваат
- со наравоучение.

Се читаат, без здив,
со денови.
Било Езопови
или Ла Фонтенови!

Работите
се сосема јасни.
И ти си прочитал ___________. (***басни***)

## ТАА Е НАЈТЕШКА. ДА СЕ СМАЛИ!

Не верувам дека си носел
потешко нешто на светов.
Освен во деновите на нашето лето?

Го давам својот збор:
Ситница е кога од пазар се враќаш,
или ако пакети праќаш!

Или, кога со чекор  спор,
пристигнува чантата на мама,
полна со списанија.
Или, онаа на тате.
куп весници и писанија!

Се враќаш од училиште
- на грбот мачилиште.
Триаголници, шестари, лењири.
Домашни, писмени, лектири...

За професорот Клименти,
уште и атлас.
Со шест континенти!

Треба да се помага.
Да се води борба.
Нешто да се смали
во училишната________________. (***торба***)

# ДРУГАРУВА СО ГУМИЧКАТА

Срце има.
Не отчукува.

Што да му наредиш
- запишува,
доцртува!

Поетски речено,
во книги подвлечено:
Тој пишува со срце!

Облеката дрвена.
Бојата на срцата
кога црна, кога црвена!

Нема шанса
од час да изостанува.
Од тебе зависи,
се движи ли право
или пак застранува!

Погрешно запишано?
Еве ја гумичката,
и се е избришано!

Пред секоја домашна
да го изостриш моли.
Твојот________________. (***молив***)

## ЃЕ ЗАИГРА ЛИ...?

За збрки средување,
набрзина казнување.
Колкумина знаат:
-Имало правда со два краја!

Децата
нешто наопаку направиле,
од дома најавиле:
-Ќотекот бил излезен од рајот!
Ќе ти се погоди
потенкиот или подебелиот
дел од крајот.

Набрзина се лекува:
- Подебелиот крај се извлекува!

Еве пример зелен:
-Настрада соседот Геле!
Прескокнале ограда, неканети наминале,
по зелени цреши,
листови искинале!

И тука завршува
на песнава патот.
Проработил подебелиот
крај на___________ . (***стапот***)

## ГОСТИТЕ СО РАСПНАТ ШАТОР, ЧУДА ПРАВАТ!

Слонови под шатор?
Мајмуни под шатор?

Некои да не се шегуваат?
На списокот
и мечки и тигри
влегуваат!

Не верувам дека
под некое сонце,
се излежуваат.
Да летуваат?

Оваа дружина шарена
е надарена.
Тие само патуваат!

Денес-товарени.
Утре - растоварени!

Од град во град.
Низ цела Република.
Само каде што
децата се публика!

Под шарени шатри,
патувачки театри.
Овде актерите се статисти.

Животните,
главни артисти.

Тренирани и дресирани!

Секој на трапезот
може да се качи.
Скокаат - низ огнени обрачи!

За полесно да се сфати:
Тука патуваат и кловнови.
И акробати.

Децата уживаат.
Аплаудираат.
Урнебеси!

Не верувам да се случи,
вакво уживање.
Некој да си скуси.

Допатувале____________.(***циркуси***)

## ДО, РЕ, МИ...

За препознавање - лесно.
Сместен на почесно место.
Светнат и лакиран.
На него музицирам,
занесено свирам.

За вакви разнежени свирки,
требаат вешти раце,
по црно - белите дирки!

Тоновите по станот
свилен танец водат.
Дома, на прстите одат.

Треперлива милина.
Само, треба тишина.
И ноти отворени.
Сите - во уво престорени!

Моцарт, Бах или Шопен.
Музичка култура.
Компонираното - партитура!

Музиказа душа.
Цел свет ја слуша. И ја слави.
И ние имаме, а јас свирам
на__________________. (***клавир***)

## РАЗМИСЛУВАЈ. НА ПОТЕГ СИ!

Чуено на повеќе пати:
- древна игра.
На шеесет и четири црно - бели квадрати!

Игра?
Не ќе е сосема така.
Размислување се сака!

Се случува,
за потег кога решаваш,
погрешно нешто да сфатиш.
За глава да се фатиш!

И противникот не губи време:
-Коњот, ловецот.
Дури и дамата да ти ја земе!
И уште се случува,
победникот со реми да се решава!

Крајот на патот
-е матот.

Од победениот:
Ах!
Така е во секоја
партија____________. (***шах***)

# СПОРТУВАМЕ, ПАЃАМЕ И СТАНУВАМЕ!

Во училиштата
играме групирани.

За разни спортови,
деца тренирани!
Некои се талентирани
за трки маратонски.

Јас се запишав
за спортови јапонски!

Тука се бара
не силата - туку вештината!
Во што е вистината?

Да ти бидат потезите лесни,
кога на душек ќе треснеш!

Нешто може да штрекне.
Око да не ти трепне.
Трпеливо да траеш,
да паднеш да знаеш!

Вешто подигаш рака,
и си направил - ката!

Исполнет е сонот:
- Дресот,
јапонско кимоно!

Се натпреваруваш,
победи остваруваш.

Влегуваш во асови,
ти делат појаси!

Јас сум жилав спортист.
Издржлив_____________. (***каратист***)

Спортот
од Јапонија пратен.

Си има име_______________. (***карате***)

## ПРЕД ЖИВОТНИТЕ, БЕЗ СТРАВ!

Дедо ми никогаш
мравка не згазил.

Денес од ѕверови живи
- мува не го лази!

Со волкот, лице во лице!
Со жив волк!

Малку муабет,
и спокоен молк!

Свртуваме
и продолжуваме:

Пред нас лично - лав!
Ни трага од страв.
Царево мрзливо протегање.
Да беше Африка,
ќе имаше супер бегање!

Крокодил. Па нилски коњ.
Пред нас се вртка
огромен слон!

И мајмуни растрчани,
пред нас нацртани.
Парада свечена.

Ние потфрливме
пченка печена!

И тигарот
беше нашата цел.
Од нас двајцата
- никој посмел!

Од каде вакво другарство,
во ова право
животинско царство?

Дедото
и внукот Дарко
беа во ____________. (***зоо паркот***)

## НЕ ПОПУШТАШ, СЕ ЛУТИШ

Кој би рекол!
Да се раскараш
за чаша млеко?

Се страда и кога се дели
на две чоколада.

Се игра шах.
„Не лути се човече“?
Се случува
и солза да протече!

Од таблата се ќе снема.
Победник нема!
Секој сака да победува.
Тате посредува.
Укор од соседите:
Треба да се средите!

Се нервира и нашата мачка:
До кога ќе имаме игрчка _______________(***йлачка***)

## СЛУШНИ ГО ОВЧАРЧЕТО

Некој рекол и смислил:
- Без него незамислив,
нашиот музички живот.

Ако го слушнеш по поле,
ќе ти застане здивот!

Овој на гајдата брат,
нашиот мајстор,
ќе ти го изделка,
од некој супер буков
или пак дабов
нешто подебел стап!

Можеби
и од гранки дренови.

Другар по цели денови.
Над бели стада,
над ливади зелени.
Звуци преселени!

Не само што свират.
И компонираат!

За мајсторската
рака музикална,
следува фалба:

- Да ти е алал!
Од себе,
се си давал,
и си направил______________. (***кавал***)

## ЗЕЛЕНИ ПРИЈАТЕЛИ

Нема град, ни улица
без вакви зелени бранови.
Издолжени,
пред станови.

Продолжени,  по тротоари,
по скверови, по булевари!

И млади и стари, овде здивнуваат.
- Седнуваат.
Муабетат,
по нешто и прочитуваат!

Ако зароси
пред трафиките,
до продавницата,
без чадор ќе ја преминеш
улицата.

Капка по капка стасува.
Зелениот чадор те спасува!
За вољa на вистината
- спасува и од прашината.

Работи неспорени
мама ги држи
прозорците отворени.

Во зградата сите
исто размислуваат:
- Зелените пријатели
треба да се чуваат!

Било костенови, било јаворови.
Сеедно прошарани,
со елки или борови.

Вака стојат работите
кај соседите;

-Сите се вљубени
во___________________. (***дрворедите***)

## ПО ЛАДОВИНА ПО СЕНКОВИНА

Кога ќе навтасаат
жештините во градот,
сите во потрага по ладот.

Асфалтот се вжештува,
по улиците, коловозите.
Се топи. Се лепи на нозете.

Не помагаат
ни бели капи и шешири,
ни по некои чадори залетани.

Треба да се смисли и како
внуците да бидат прошетани?

Ни дилема, ни трема,
насока се зема:
Си имаме права шума градска.
На сите заедничка,
без малку - братска!

Одамна засадена,
не заградена.

Брези, јавори, тополи тенки.
На километри - сенки!
Дрвја - стотици.

И цветни грмушки,
егзотици.

Колку што сакаш  патеки.
И клупи.
Дури и сладолед,
можеш да си купиш!

Тука е редовен дедо ми Зарко.

А и ние сме често
во______________________. (***йаркой***)

## СИ КРУЖИШ, СЕ ДРУЖИШ

Леташ,
а во облаци не се селиш.

Си се разлетал,
од земјата не се делиш!
За вакви авантури,
не се чекаат панаѓури.

Во времиња современи
- по паркови наредени!

И никако да излезат од мода.
Се некои кружни патеки ги водат.

Кога си ги надвишил
куќите, видиците.
Да не ти е срцето,
во петиците?

Јас не верувам
во таква поза.
Децата по цел ден,
со радост се возат!

Верувам, и ти си бил
качен на _______________(***рингишпил***).

## РАСПЕАН ДЕКОР – СИТЕ ВО ИСТ ЧЕКОР!

Сред село
ептен весело!
И зурли и тапани.
И кавали и гајди надуени.
Нашите се мајстори,
прочуени!

Рака до рака, на рамена.
Напред води Стамена.

Двајца се женат,
цело село на нозе.
Облак кренат!

И да мижат, исто ќе се движат.
Напамет.
Ниту се стеснуваат, ниту се шират.
Скокаат - како што им свират!

Се потскокнува, се потцупнува.
Никако споро.
Така се игра___________. (***оро***)

Некој ќе додаде:
-Сите во занес.
Во голем_____________. (***танец***)

## ОДИМЕ НА ПРЕТСТАВА

Рефлектори во снопови.
Обоено зрачат.

Се вели: - Осветлени,
штиците што живот значат!

Со аплаузи проследени,
изведени:
Драми, комедии,
трагедии.
Балети, опери,
концерти, симфонии...

Требаат:
И актери. И филхармонии.

Додека трае се знае:
- Тишината и мирот царуваат.

На крајот
сите стануваат.
На нозе, поздравуваат!

Скоро секоја вечер
- дарувани букети цвеќе.

Сцените се повторуваат:
Наградените, артистите
се поклонуваат!

Па така,
во тон свечен,
пред некоја вечер.
Мама и тате
фатени рака за рака,
отидоа во____________. (***театар***)

## ЧЕКОРИ НЕЖНИ И ЦВРСТИ,
## СЕ ИГРА НА НОЖНИ ПРСТИ

Завесата крената,
на сцената:

Низ говорот на телата,
пред публиката делата:

Љубовни приказни,
спектакли
и древни сказни!

Сцена по сцена
се менува.
Скокот,
зборот го заменува.

Играно совршено, феноменално.
Хармонично
и музикално!

Актери и актерки
како ѓердани вклопени.
Час - пеперуги разлетани,
час со крилца склопени.

Под нежни светлини,
уметнички вештини:
Треперливи пируети,
раздвижени силуети!

Потези од складни врсти,
се игра на ножни прсти!

Се бара - префинет дух
и музикален слух,
за ваков разигран сплет.

Гледај и ти_______________. (***балет***)

Непознато не ни е.
Секогаш завршуваат - со наравоучение.

Се читаат, без здив, со денови.
Било Езопови или Ла Фонтенови!

# НЕКОИ ЗАНАЕТИ И ТАБИЕТИ. ПОЧЕСТИ ИЛИ РЕТКИ. РОДНИНСКИ И СОСЕДСКИ.

## СЕ СЛОЖУВАМЕ, СИ ВЕРУВАМЕ

Кај мама.
Кога нешто ситно ќе снема
телефонот се зема.
Се фаќа правата страна!
Па што е договорено
- преку тераса сторено!

Дома знаеме.
Пред секое патување,
каде се носи, каде се остава
клучот на чување!

Лесно ќе се сложиме:
- Без нив не можеме.

По скали кога се разминуваш.
Ако затреба,
од време на време и ќе се извинуваш!

Никогаш да не си рекол:
- Што мајка бараш?
Ни случајно да се скараш!

Па и по лифтот за да пренесеш тросед.
Кој ќе ти помогне?
Кој друг, ако не
најблискиот __________. (***сосед***)

## ПРИЈАТЕЛОТ ВО БЕЛО

Си фатил кивавица
на некоја лизгалица?

Си терал, си претерал
со физичката култура.
Па сега оган. И температура!

Следува неизбежно дело:
Ќе те пречека човекот во бело!
По рамо потчукнува,
трпеливо прислушнува!

На секое дете речено:
- Што побргу,
до пола соблечено.
Треба и охрабрување!
Следува вдишување,
издишување.

Па рецепти пишување:
За грипови,
од вакви групи
- сирупи!

Доктор.
Најчестиот прекар
за нашиот________ ________ (***лекар***)

# ФАТИ СЕ ЗА КОПЧЕ. ЗА СРЕЌА!

Црн.
А носи среќа.
Виден - на грбот со вреќа.
И по некој алат.
Не е од оние, што гасат и палат.

Но, огништето да биде разгорено,
и од него нешто сторено!
Треба, низ нешто посебно отворено
чадот да отиде в'небо.
Тој така го вади лебот!

Тој што ќе го сретне,
за копче се фаќа.
Нашиот мајстор - со среќа му враќа.
Не знам колку делува,
но народот верува!

За препознавање,
ги сфати ли знаците?
Овој е по покривите.
Ги чисти______________(***оџаците***).

Со други зборови:
Секогаш, над покриви, над дворови!
Занаетот, сосема стар.
Нашиот_________ . (***оџачар***)

## ЅВОНИ. ОТВОРИ МУ!

Донесува, пренесува.
Запишува, потпишува.
Од врата до врата.

За него не се ништо
ни дванаесет ката!

На жолто мопедче
си кружи, си врви.
За дедо ми најважен
- околу први!

И кај тебе сигурно
тој ќе сврати.
Само ако нешто,
некој ти пратил!

Енциклопедија права.
Стотина адреси в'глава!

Овој е занает
од датум постар.
Секогаш имало,
и ќе има _______ ______. (***йошйар***)

## ЗА ДОБАР АПЕТИТ

Има ли некои
а да не се горди,
со рекорди?

И во песнава слично
соседот Методија, лично!

За него нема
неисполнета норма.
Носи капа на кат,
и бела униформа.

Ако се случи
работите да задоцнуваат,
многумина настрадуваат.

Во неговата резиденција, под евиденција:
-Тенџериња, од сите марки!
Сатари, ножеви, лонци.
Тави и цедалки!

Сто сорти зачини
и зарзавати.

За секунда - моркови крати.
Компири сечка,
по цел ден кружи
околу рерна, околу печка.

Ѕвезда барана на сите страни:
- Хотели, мотели и ресторани!

И ставена точка.
Од нашиот__________(***готвач***).

## ДОБРЕДОЈДЕ ЗА ГОСТИНКИТЕ

Тате намигнува.
Некој многу важен,
дома ни пристигнува!

Нема работа.
Нема метење.
Време е за муабетење,
за плетење!

Се што во маалото
се случува,
таа го проучува!

Понешто се одзема,
нешто и додадено.
Каде што е купено,
кому што продадено!

Радиото, весниците,
ни се до колена.
Од нашата,
нема вест поголема!

И при доаѓање,
и при заминување:
- за мене штипнување!

Доаѓа со чадор,
или со шешир - екстра.
На татко ми сестра.

Во се се плетка.
Мојата __________ . (***тетка***)
Иста емисија,
кога е во мисија,
исто така честа
- на мајка ми сестра.

Од никого надзборена.
Со фризура подновена
- фантазија бујна.

Добредојде за _____________ .(***вујна***)

## ПРВ ЛЕГНУВА ПРВ СТАНУВА

Мајстор над мајсторите
Друарува со зорите!

Сон не досонува,
со петлите станува.
Цел живот поранува!

Прв за работа, ќе се фати.
-Додека децата спијат, тој ќе прати:

Топли ѓевреци
кифли, симити,
буреци...

Откривме делче
од неговите дела.

Облеката, сосе капата
- задолжително бела!

И не е бунаџија
нашиот _____________ . (***фурнаџија***)

Има и прекар.
Вредниот ____________. (***пекар***)

## ЌЕ ТИ ЗЕМАТ МЕРКА!

Ако ти речат:
- Овој ќе ти земе мерка!
Веќе си наежен. Дали,
е некоја карате ѕверка?

Уште кога ќе додадат:
- И вешто ќе ти го скрои!
Дали зад сето ова
некоја замка стои?

Се ќе се расчисти речено простум:
-Соседот пиле не згазил.
-Тој само прави костум!

Човекот за ова го бива.
Добриот мајстор __________ . (***шивач***)

И постаро има ќе се најде:
Овој мајстор е_____________ . (***шнајдер***)

## КАЈ НАШИОТ КЛИМЕНТИ, ЧЕВЛИТЕ ПАЦИЕНТИ

Сите што брзаат да се стрпат!
Некои работи не може
туку - така да се крпат!

А ќе требаат:
- Конец и подебела игла.
И мали наковална.
И очила на носот.
Песнава да биде сосема реална!

Да не те збуни.
И неговите се разинати.
Ама ќе ги поправи твоите,
малку скинати!

Се доаѓа предвид:
Чизми, чевли или штикли.
Машки или женски.
И ноќе и денски, раце - чиста магија.
Си тера по старо
Тој е_______________ . (***кондураџија***)

За сите што песничкава
им излегува некако тешка,
од мајсторот додатна смешка:
За чифт чевли вели - Ѕевгар.
Над дуќанот пишува ___________ . ***(чевлар***)

## И ЛЕВО И ДЕСНО – СЕ МУ Е В’ТЕСНО!

Имало загатка
и за еден “батка”?

Пробај да сфатиш,
крајот да го фатиш!

Ќе се обидеме.
Ништо страшно.
Има ли овој, име домашно?

За некој што цел ден талка,
без компас и без карта?

Било во лево,
било во десно.
Се му е втесно!

Ни книга отварање,
ни врата затварање!

Подвиг - рака кревање
мајстор за прозевање!

За ваков батка, што се матка,
сите „подвизи“ на глава ни се качија.
Име дома му насадија:
Безделничар,___________________ .(***бадијалџија***)

## НЕМОЖЕ СО СУВИ НОЗЕ!

Со денови се мота
крај речните трски.
Со врбјаците,
тополите можеби е врсник?

Нема вир,
ни воден вртеж,
кај што не бил,
и не свртел!

Везден нешто мати.
Да улови, да фати.

Сомови, крапови и штуки.
Па и понекоја мрена
од него имаат трема!
Со поискрен став:
Дури и страв.

Совет и од Младици:
Подалеку,
од мрежи, од јадици!

Нашиот, често со раце празни.
Бескрајни фалби и приказни!

Раце раширани - покриени видиците.
Спасот е често во рибарниците!

Оној во Италија
виден е на Тибар.
Нашиот на Вардар.
Соседот во Србија, на Ибар.
И секој од нив е __________ . (***рибар***)

# ОКОЛУ НАС СЕКОЈ ЌЕ СЕ СЕТИ: НИ ТРЕБААТ, КОРИСТИМЕ РАЗНИ ПРЕДМЕТИ.

## ГИ СНЕМА ЛИ, НАЈДИ ГИ!

Две пенџерчиња,
две екранчиња!

Во што е штосот?
Најчесто - висат на носот!

Без нив баба не може
ни собата да ја смете.
Никако - и кога џемперче плете!

И дедо е во паника,
не може да преврти
ни лист, ни страница!
Ниту од весник, ниту од роман.
Ако ги преместил или ги скрил
некој немирен внук дома!

Сестра ми ги носи
за терање моди:
Кога се сонча на плажа
крај езерски води.

Се фалела, се прочула.
Со новите__________. (***очила***)

## СЕДНУВАМЕ, ГОСТИ ПРЕЧЕКУВАМЕ…

Без неа,
Нема кујна, нема соба.
Ама баш ниедна.
За, во секоја доба гостите
да има кај да седнат!

Дочекот - јасен:
Барем да се напијат
по филџан кафе!

Оваа дама,
никогаш не е сама.

Покривка, со цвеќе вазна.
Само да не е празна.

Искрено речено:
- Најлична со прасе печено!

Супата веќе стаса.
Сите сме седнати
околу нашата____________.(***маса***)

## ДОБАР ПАТ!

Еден ги вози,
на четири нозе.

Сите си седат, не мрдаат.
А сепак - од село в'село,
од град до град стигнуваат!

Без проблеми.
И деца и мажи и жени!

И дење,
И кога ќе се стемне.
Тука по некој дури и ќе дремне!

И пак без станување,
без легнување.

Си седиш брат,
а сепак си изминал пат.

Долг или кус.
Јасно, со __________(***автобус***)

## СИТЕ СМЕ ТУКА, НА ЕДНО МЕСТО

Во средина - тате.
До него, мама.
И баба, седната.
Лево - бате.
И јас - малку наведната.

Сите насмеани, со ведра лика.
Пред објективот,
на соседот - сликар.

На неговата фирма,
со малку прав,
уште се чита „фотограф“.

На крајот,
на ова семејно славје,
тој ќе ти рече - на здравје!

Порано знаеше,
да испрати предупредување.
- Внимавај.
Врапче ќе летне,
пред објективот
да светне!

Како и да е.
Нека се знае:

Кај нашите,
во Австралија.
Ја испратија
и оваа_____________(***фотографија***)

И тука
не застанавме.

Интернет фативме.
Така ја испративме!

И тие ни вратија.
Со своја_____________.(***фотографија***)

## ДОБРА НОЌ!

Тука сме сто на сто сами.
Во пиџами!
Фантазијата пуштена да паси трева.
Ти треба тишина, никаква врева!

Па ќе ти помине,
филмот дента што си го снимал.
Каде што се случило.
И кај се си минал!

И перницата
- потребна ти е.
Без неа, не се спие.
Со ваков украс даден,
сонот украден!

Веќе се дреме.
Дај и ги соништата,
нека си ги земе.

А ти, орен и одморен.
Навивај – најмалку
нешто пред девет.
Да се разбудиш
и да станеш,
од твојот_____________.(***кревет***)

## СЕ ВОЗИШ СИ МИНИШ ПО ШИНИ!

Си има една мајка.
Зад неа ќерка до ќерка и по некој син.
Порано фрлала искри,
се збореше - железен џин!

И секаде каде што оди,
сите со себе ги води!
Секогаш забрзани.
Рака со рака сврзани!

Од град во град гостува.
Реки премостува.
На железни тркала километри бркала

Еднакво моќна.
Во смена денска, во смена ноќна.
Сега - по нови моди, струјата ја води.
Патеката модернизирана
- електрифицирана!

А си остана со исто име.
Вистина жива.
Секогаш прва________________. (***локомотива***)

А се што зад неа се турка, се гони,
тоасе____________________. (***вагони***)

## ГЛЕДАМЕ, НЕ ГЛЕДААТ

Не и може ништо на светлината.
Кога и да сака
- таа помината!

Па и соседите.
Културни ќе бидат.
Пред да ѕвонат
- Ќе не видат!

Лете го отвараме.
Зиме го затвараме.
Низ него ќе се лизнат
првите дождовни капки.
Први ќе ги чуеме
татковите стапки.

И овие од улицата,
ќе ни ги видат лицата.
Да не биде се откачено.
Имаме и перде закачено!

Пред песничката да сврши,
ќе биде тажно ако се скрши!
За нас е куќата дворец.
Има ли куќа
без__________________. (***прозорец***)

## КОМАНДУВАЊЕ ЗА ТРГНУВАЊЕ,
## ЗА ЗАСТАНУВАЊЕ!

Три очи трепкачи.
Командуваат шетачи!

Како намигнуваат:
-Овие тргнуваат,
или застануваат

И уште плус.
Околу нив врвеж секогаш густ!

Застанати:
Автобус до автобус.

Цистерни. И лимузини.
Дури и трамвај на шини!

Камиони и камионети.
Се случува, и тротинети!

Око црвено, око жолто,
око зелено.
Одмерено:

- Секое навреме се менува.
Задолжува. Опоменува.

И дваесет и двојката.
И дваесет и тројката.
Трпеливо. Одделено.
Сите чекаат - зелено!

Почитуван. Без збор.
Уличниот____________.(***семафор***)

## ДУВА. ОД ЖЕШТИНИ НЕ ЧУВА

Во некое сончево лето
деновите изгор жешки,
ќе знаат да речат
жештини кучешки!

Па нешто се вградува
- што разладува.
Во станови, во згради
тивко се лади.

Во нашето соседство
сфатиле без размислување:
Кучето е прво на ред
за разладување!

Невидена стратегија
За Шаро привилегија!
Феноменално,
сфатиле буквално!

Се замеша
и дедо ми Страшо:
- Овде,
не би се снашол
ни мајсторот инсталатор!

За ова ли наместивме____________(***вентилатор***)

## ЅИРКАМЕ ПО ПОКРИВИТЕ

Дома се грееме
нешто на струја,
нешто на парно.
Тоа е засега,
наша реалност.

Дилема прва:
Што, ако се греевме
на дрва?

Ќе биде ли тоа прв пат,
некој да качува дрва
на дванаесетиот кат?

Не е прв проблем во градот:
- Каде со чадот?

Дедо ми прв се нервира,
и протестира!

Што ќе е оваа мода?

Куќа ли е тоа
што нема__________________.(***оџак***)

## ДЕН ПО ДЕН

Секој свртен лист
со позната цена:
Еден по еден,
па триесет дена!

Овој памти дати.
Само ќе се случува
некој да те прати,
најмалку да превртиш
дванаесет пати.

Било на маса
или на зид ставени:
- Редовни опомени
за некои заборавени!

Кога ќе се одмараш?
Колку недели, колку саботи?
Кога се празниците
кога не се работи?

Одговара - страницата предна.
Погледни го твојот________________(***календар***)

# СИТЕ СМЕ ТУКА – ВО ЕДНА КУЌА

Цело маало
во една куќа сместено.
Сите под ист покрив.

И јас песничкава,
тука ја сокрив!

Нема фолирање.
Не удараме четки.
Ова е смислено
од архитекти.

Смислено и изведено.
Се е овде средено!

Плански и со смерници.
И со бакалници,
дури и берберници!

Од училиште се враќаш,
за лифтот се фаќаш.
Ова е маало
со тринаесет ката!

Ретка шанса фер да бидеш.
Со другар да помуабетиш,

Со сосед да се видиш!
Цело маало,
а една врата!

И гостите мора да сфатат:
Без три - четири бројки научени,
куќите заклучени!

Овде се живее на висока нога
требаат - култура и слога.
И секој да биде фер.

Ние живееме во____________.(***солитер***)

Поштарот Дончо,
за да не заскита.
На влезот бројки ќе прочита.
Никако нула.
На нашата стамбена ___________ . (***кула***)

## ЅВОНИ. ЈАВИ СЕ!

Освен ѕвончето,
што гости најавува,
кој со ѕвонење дома се јавува?
Од телевизорот,
Од некое филмче заскитано?
Тоа е веќе прочитано!

Овде и часовникот не е затскриен?
Не е навиен!
Нешто си договорил,
па си заборавил.
Пријателот заѕвонува!
Потсетува, буди и расонува!

Понекогаш и помага!
При задачи тешки.
Ќе се јавиш - ќе дошепнат.
И исправаш грешки!

Сестра ми му вади душа:
Со саати исповеди слуша.
Дома се подига тонот:
Затоа ли е измислен_________.(***телефонот***)

Сега е малку подзасилен!
Има подновено презиме:
Мобилен!

## ШТО ИМА НОВО?

Замолувам
за концентрација.
Веќе не е
никаква сензација.

Тоа што се случило во Англија,
во Франција во Румелија,
во Гевгелија

Кои и што
некаде проучувале.
Кои држави,
што одлучувале.

Каде се бистри,
каде се мати,
абер ќе ти се прати!

И тоа во истиот час,
со смирен и пријатен глас.
Во секоја доба,
во твојата соба!

Ќе те информираат,
кои натпревари и
како се одвиваат.

Наутро, напладне, навечер.
Редовни и чести
- не се може без вести.

Кога е се најјасно
додава упорно дедо:
- Погласно, погласно!

Сврти го копчето,
тоа ти останува.
Така се започнува,
така престанува.

Познато гласилото.
Го слушаме___________. (***радиоӣо***)

## ЧИТАЈ, ПРОЧИТАЈ

Ем си молчиш,
ем си муабетиш.
Што крие песничкава
гледај да се сетиш?

И соговорникот
не умее да говори.
Но те подучува.
За се има одговори!

Секој ден е дома,
во чантата на тате.
Разговара мама.
Јас. Па и бате.

Дедо не простува
ако задоцнува.
По негово:
- Што има ново? Треба да се размислува,
светот се разбиструва!

Ем си молчиш. Ем муабетиш.
Има и граница
- последната страница!

Па кога ќе дознаеш
дали е денот за чадор или патики лесни,
тоа значи
секој дена читаш_____________. (***весник***)

## НА ДЕДО МИ ДРУГАР

Само што дознав
вистина чиста:
- И дедо ми си имал
топ - листа!

На помагачи.
А тоа значи:
- Внучиња, внуци...
Еден до еден,
дури и нашиот пес вреден!

А овој во гатанкава?
Тој е прв. Тој е на самиот врв!

Овој неразделен брат,
и ако наликува
нема врска со обичен стап!
Има украсен и подвриен врат.

И кога е сончево и кога роси,
со него се оди.
Под рака се носи.

Не е за шармирање,
туку за потпирање.
Погодено, сто на сто.
Ова е_________________.(***бастун***)

# ПОДАРУВАМЕ ЦВЕТОВИ

Љубов собрана
од безбројни бои.

Секоја за себе,
просветлена стои.

Да биде појасно:
Сите заедно
- нешто прекрасно!

Вжарено.
Од срце подарено.

Нема уметничка рака
да наслика нешто слично.
Најчесто донесено
за мама, лично!

Било по поле собрано,
или од градина одбрано.

Трендафили разведрени,
со панделки посребрени.

Мама ќе те прегрне.
Насмевка - до небо!

Па и да се лалиња,
со но некој шебој.

За ваков старт
не се чека само осми март.

Или, на пример, роденден.
Шансата е секој ден.

Со чувства пробудени
- даруваат и вљубени!

Китка до китка,
цвет до цвет
и ти си подарил
шарен______________. (***букет***)

## КРАЈ ЈАЗОВИ КРАЈ СЕЛА, И ЛЕТЕ – БЕЛА!

Треба да ги погодиш патеките,
меѓу ридовите,
крај јазовите, крај реките...

Под сенките на тополите.
И ако сретнеш
камени тркала по дворовите,
веќе си тука:

Ќе те пречека
сред лето побелена куќа!
Ќе видите;
и прозорите, оџакот
и ќерамидите!

И на таванот гредите.
Бучава од водите распенети.
Се случуваат работи ценети!

Жито внесуваат, брашно изнесуваат!
Трака, трака, трака...
Везден тракатеница.

Од мугри, обденица
носат бела пченица.
Меле, не престанува
старата________________. (***воденица***)

# СО ЖИВОТНИТЕ ДРУЖБА. И САМО ЕДЕН ЛОВЕЦ ВО ПРИДРУЖБА

## СЕ СОБРАНО НА ВРЕМЕ

Дабови желади, ореви и лешници.
Било каде скриени,
-од неа откриени!

Адресата:
Првото шупливо дрво.
Што подалеку од врвот!

Есен наоблачена,
работата скратена:
-Навреме се обрано.
Во куќичка собрано!

Се мудро подредено.
За зима заштедено.

На децата миленица,
мајстор за криеница!
И во шуми Мавровски.
И по гранки парковски.

Со опашка падобранска.
Итро - од гранка, на гранка.
Украс на песничката:
Таа_______________. (***верверичката***)

## ЕВЕ ТИ ЈА: ШЕТА ПО ЛИВАДИ И НА ЧОКОЛАДИ

Миленичка,
со рогови украсена.
Среќна - на зелена трева.
И кога е супер напасена!

На вратот,
со панделка ѕвонец.
Дома ја чекаат
со приготвен лонец.

Оваа и не е свесна,
колку е интересна!
Со телето - синчето младо,
украс и на чоколадо!

Стопати пофалена.
Па сепак.
Кога е шарена
- нема млеко шарено.
Тоа си е бело,
свежо или варено.

Кога се појадува,
одговор се дава:
Ова ти е обична.
Најобична _____ .(***крава***)

Во басните прославена.
Ставена:
-Во посебна трка,
со зајак да се брка!

# ПОЛЗИ А ПОБЕДУВА

Си читал позната басна
Сп порака прекрасна:
-зајакот фаворит
фалбаџиски заспал.
Самоуверено.

Нашата пријателка го наттрчала.
Проверено.

Додадено, во два - три реда:
Оваа се влечка, педа по педа!
И згора - вистина втора:
Кај и да оди,
врз себе целата куќа ја води!

Да не должам:
-Не е полжав!
И во стрипови преселена:
“нинџа”зелена!

Кај не се провлекува!
Секогаш напрашена.
Кога е исплашена:
И нозете и главата
под оклоп ги вовлекува.

И ние на целта:
Препознаваме______________. (***желка***)

# ЛЕТ, ЛЕТ, НИЗ ЗЕЛЕН СВЕТ

Бубачкава низ треви шета.
Малку оди.
Малку лета!

Секогаш свечена,
модерно облечена.

Фустанчето - црвено обоено,
со црни точки прошарано,
манекенски скроено.

Кога со детска дланка се ракува:
- Лет, лет...
И се посакува.

Сосетката Стана
нашата мома без маана,
смета:

- Ќе се омажам на онаа страна,
каде што нашата гостинка
ќе одлета!

Името слично
на тетка ми Мара.
По трева си лази___________(***буба мара***)

## ОД ЈАЈЦЕТО - ПИЛЕ

Во кокошарникот,
до старата порта,
раскрилена кокошка
од посебна сорта.

Цел ден нешто покрива.
Го топли. Го сокрива!
Со денови не мрднува.
Од седало не се дели.

Баба ми вели,
и нејзе и се верува:
- Таа се излежува!

И уште ќе чуеме ние:
- Па, и време и е.

Не знам зошто е галена?
Ем не мрднува, ем фалена!
На видело вистината:
Кога ќе се испилат - пилињата.

Таа ги милува, ги наткрилува.
Во жолто - златна колона,
само по неа одат!
Како по мајка родена.
Песничкава до крај водена:
Кокошката
со ваква значка е ____________ . (***квачка***)

## ДА НЕ ТЕ БОЦНЕ

Прашање во лет:
- Личи на пчела
а не носи мед?

За да ти докажам,
тргнувам по ред:

Живее во гнезда.
Под керамиди прилепени.
Под стреи поткрепени.

Најчесто остава траги
на удар - сокови благи!

Има и осило,
остро како шило.

Гледај со нога боса,
да незгазниш на __________ . (***оса***)

## ЧУЕН ОД СИТЕ, ЗАЛЕНИОТ ЖИТЕЛ

Зелена, надуена.
По песна прочуена.

Со секое зајдување,
нејзино јавување!

Крај реки. Крај вирови.
Под врби, по бари.
Рефрени - стари!

Кре - кре тоновите,
концерт под мостовите.

И штрковото чекање
- да се јави крекање!

Да биде работата на место поставена:
- Живее поплавена!

Се слуша и до зградите,
одгласот на_______________. (***жабите***)

## БЕЛА ЗГОДА НА ЕДНА НОГА

Топола, оџак или бандера.
Негова адреса и стан по мера!

Нешто слама разместена
- куќата наместена!
И просторна и комфорна!

Овде има и невидена слога:
Се стои, се живее и на една нога!

Клун - како чун.
Сказни од децата,
одамна прочитани:
- Божем разнесувал
бебиња заскитани!
На адреси тајни,
само нему знајни?

Фален.
И музикален.
Над се - тонот кре!
Препознати саканите цели.
Елеганција - пердуви бели.
И старите и новите.
Така е со________________. (***штрковите***)

## ТИЕ СЕ ВРАТИЈА...

Поетите
први насетувале
и запишувале:

Еве ги пак долетани.
Пречекани,
од бадеми расцветани.

Со душа чекани!

Во клунчињата
- мириси медитерански.

Подновени,
седалата лански.

Над терасите - пак црцорење.
Од сосетките,
повторено зборење:

- Да ги подготвиме
цвеќињата, леите.
Долетаа нашите, под стреите!

Така е.
Погледни кон најблиските
телефонски жици:
Гроздови од_______________. (***ластовици***)

И од бабите совети додадени:
- Време е мартинките
да бидат извадени!

Дајте ги ножичките.
Веќе ни дојдоа_______________.(***ластовичките***)

## КОЈ Е ВРЕДЕН, А КОЈ НЕ Е?

И во животот
и во приказните,
не се сите секогаш исти.

Ги има работливи,
и мрзеливи.
Помалку или повеќе бистри.

Еве една:
За еден супер мрзлив.
Втората - совршено вредна.

Првиот - свирач за мерак.
Се на свирање терал.
Цел ден, па и по месечина.

На ум не му паѓало,
да собира летина.

Песни смислувал,
на зима не размислувал!

Втората - вредна,
и сите сестри, една до една!

Зрнце но зрнце собирале.
Куќа наполниле.
Складирале.

Во зимата приказна стара:
Првиот кај вториве тргнал.
Зрнца барал!
Баснава е стара,
поуката - вешта!

Од страна се смешка
и баба ми Славка:
Ова се________и_________.(***штурец и мравка***)

## ЧИК, ЧИ РИК…

Овој пријател од нас не се дели.
Презимува, летува.
На југ не се сели.

Зиме се снаоѓа,
засолниште пронаоѓа.

Кај што има плевни
сламата го стоплува.
Или се стуткува,
под стреи се сокрива!

Другарува со чавките,
гугутките, страчките.

По терасите клуцкаат
клунчињата.
Расфрлани трошки,
помагаат дечињата.

Кога се побелува, само тој е сив.
- Ѕив, ѕив, ѕив, останувам жив!

По гранчиња заснежени,
црцорења разнежени.
Во градината, по полињата,
гласотна_______________. (***врапчињата***)

## ЛЕТАЧ, ШЕТАЧ...

На крилјата - уметнички дела.
Од еден црвен,
на друг жолт цвет се селат!

Така преселени,
со крилца склопени.
Неразделени.

Стојат и се нишат.
Земаат здив, дишат.

Патеката изминатa,
видена во градината:

- Од Белата Рада,
до рузмаринот.
Од трендафилот,
до кринот!

Може да биде посетена,
и зелка расцветена.

Па праскарниците
и јаболкниците.

Розовите и белите!
Другарува,
со ѕунот на пчелите.

А кога среќата сака,
слетуваат
и на детска рака!

Под пролетното сонце
безброј обоени круга.

Долетува, слетува
нежна__________________.(***пеперуга***)

## ЖИВЕЕ НА ВИСОКА НОГА

Тркач.
Километри изминува.
Со слонови се разминува.

И секогаш во тропски страни
по треви крај џунгли,
по савани.

Око не и трепнува,
од жега, од жештина!

Пречекува гости:
- Туристи и новинари. Само ако пристигнат на сафари!

Да се фати
нејзиниот поглед?
Треба двоглед!

Шансите се мали,
да пробаш, да се искачиш
со скали.

Високиот врат
- на кат!

Се живее на висока нога
и со диета строга:

Најмногу лисје за пасење!
Тревата подалеку.

Како и водата,
за жедта гасење!

Па така,
и во нашава песна стаса
кафеаво-жолта________________.(***жирафа***)

## ШТО ДА СЕ РЕЧЕ? ОВОЈ И ПЛИВА И СЕ ВЛЕЧЕ

Нема градини зоолошки,
и од децата проверено.
Каде што овој пријател
се нема вселено!

Јасна ситуација:
Треба да се создаде
афричка имитација.

Топлина. Вода за пливање.
Може и доцртана палма со сонце.
За протегање и уживање.

За зоолошкиот лекар,
доктор и оператор,
овој е со прекар:
- Алигатор.

Често разинат. И зелен.
И на некои детски
маички преселен.
Се разбира, нацртан или извезен.

Кој по разни реки
во Африка бил,
Сто на сто сретнал
и видел______________.(***крокодил***)

# СОСЕДОТ ВО ЗЕЛЕНО

Имам сосед.
Кога ќе пукне
- ќе утне!

Ќе тргне фишекот - зелен
по некој елен.
Овој скриен. Преселен!

Редовна шема
- ќе го снема!

Наместо збришан
празен нишан.

Нова бура и авантура.
Фалби и прогнози:
- Ќе страдаат дивокози!

Фалбите со куси нозе.
Околу веќе се шушка:
- Празна пушка!

Зајак среден?
Следува приказ следен:

- Зајакот бил навреден!
Од очевидци
вистината собрана:
Се предал, во самоодбрана!

За едно сме сигурни,
и не се греши.
Не се тргнува без пердув,
и зелен шешир.

Се разбира,
не се трага
без загар!

Вака било.
Ќе биде довек,
за секој____________(***ловец***)

# СЕ СЛУЧУВА
# И НАВРНАТА ЗГОДА
# ПЕСНИТЕ - ЖИВА ВОДА

## ВО КАРПИ СОКРИЕНО,
## ЛИЦЕ БИСТРО, ИЗМИЕНО

Високо во планините
длабоко во длабочините.

Дури и под корените,
на дрвјата под жилите.

Од кај што тргнува блика
никој не ја видел неговата лика!

Одговорот сложен:
Без него на земјата,
животот не е можен!

Ни сеано никнува,
ни фиданка бликнува.

Вистина - на сите четири
светски страни:
Без него ќе нема мориња,
ниту пак океани!

Ни вода за пиење,
ни за очи миење!

Не рекле џабе:
- Капка но капка, море!
Патот кон одговорот,
веќе отворен:

Ниедна река.
Ниеден поток.
Немаат избор.

Сите тргнуваат од_____________. (***извор***)

И народниот пејач
не се двоумеше,
по трагата на водата
стихови одбираше:
__________(***извор***) вода _____ ____(***извираше***)

## И ЖУБОРЛИВО И БИСТРО

Не може да избира.
Тргнува од таму,
од каде што извира!

Од планини стасува.
Каде што поминува -украсува.

Бранче до бранче здружени,
најгласни во денови разјужени.

Патува под брези, низ лески.
Крај сочни треви зелени.
Свртaлиштe за жедни зајаци и срни.
И рогати елени!

Тихо, неуморно,
но цел ден, жуборливо.
По сребрени бранчиња,
песоци и камчиња.

Се валка, се талка.
Знае кој го чека:
Неговата постара сестра - река.

Некогаш пенлив.
Некогаш кроток.
Планинскиот_____________. (***йоток***)

## ПОПЛАВЕНА ЛИ Е ПЕСНАВА?

Замисли неправда светска:
- Некаде се простира со километри,
некаде сосем ретка!

Што би се рекло - ни за лек,
во пустиња под сончев пек.

Позната и ваква шема:
Одвреме навреме - па ќе ја снема?

И кога ја премостуваат
бродови океански,
и кога се препознава
по снеговите лански,
и над воденицата раштракана,
и кога крај поточето
од срнче е посакана,
секогаш со име исто!

И лице бистро.
И уште плус:
-нема ни боја, ни вкус!

Над мориња северни,
над езера јужни,
патешествија кружни:

- И облакот е нејзино чедо.
И сланата, маглата, па и снегот!

Нема збор за некаква мода!
Светот не може без_____________.(***вода***)

Ако е погодено,
и точка ставена.
Нема шанси песнава
да испадне поплавена!

## ПО СИНО НЕБО

Овој е права уметничка душа!
Во сто лица се менува,
ама и опоменува:
- Без мене, суша!

Некогаш голем, некогаш мал.
За него ветерот е крал!
Само него го слуша!
Тој го издолжува, тој го скратува.

И го насочува - каде и како,
да летне, да отпатува!

Некогаш личи на јагне бело.
Друг пат на раскрилена птица.
Ви реков - сто лица!

Кога е побелен и помалку нежен
- велат е снежен!

Кога е темен, ќе речат луто:
Дома! Ќе не направи утоп!

Во друштво секогаш
на сончевите зраци.
По сино небо шетаат____________ (***облаци***)

## РЕКА НЕ СЕ СКОКА

Сите,
низ татковината што прошетале,
на многу реки налетале!

Пред било што да превземеме,
пример ќеземеме:

За да ја поминеш Црна.
Да скокнеш?
Не може дури ни срна!

Ајде премини ја Радика?
Пробал и некојси владика,
со магаре товарено.
Не остварено!

И ти немаш моќ.
Ако не го пронајдеш
“Еленскиот скок”!

Еве, да речеме Дрим!
Не се родил мајчин син,
на било кое место
колку и да е тесно
да го помине лесно!

Ами Вардар.
Од Вруток до Гевгелија?
Нема такви скокачи.
Ни мрднаа, ни се осмелија!

Значи, за преминување
треба______________.(**премостување**)

За било кој мајстор,
проблемот прост:
Тој ќе ти направи_____________. (***мост***)

# НЕКОЛКУ СТРАНИЦИ ОД ГРИЖИ РАСТОВАРЕНИ ЗА КРАЈ ОСТАВЕНИ

# НЕ СЕ СНАШОЛ БОЈАН, ОДГАТНАЛ И ПОМОГНАЛ **СТО**ЈАН!

Да видиме
полека, редум.
Непознаници
седум.

Нивната фотка:
- Секоја во себе
со но една **СТОТКА.**

**Прво:**
Џабе име големо,
понизок од колено.

Со четири нозе.
А ни сантиметар,
да мрдне не може!

Само дедо ми седнат
се жали на бол.

Крив му е нашиот СТО________. (***стол***)

**Второ:**
Треба мудрување.
Се, само не
чевли купување.

Ќе требаат сто чифта.
Загуба чиста!

Има толку многу нозе,
само во една
насока ползе!

Кој ќе погреши,
нема прошка.

Си лази, си лази **СТО**__________(***ношка***).
Или полека си талка – стоногалка.

**Трето:**
За да ни направат маса
или столб за градина,
тате кај мајстор замина.

Како прво,
да знае да направи
се'од дрво!

Мајсторот,
со посебен дар.
Нашиот сосед **СТО**_________. (***столар***)

**Четврто:**
Ако собереш
сто години.
Една до една роднини.

Сите заедно,
со име едно.

За да се сетиш тешко ли ти е?
Ова е **СТО**______________. (***столетие***)

**Петто:**
Ги има што сакаат
по светови да акаат.

Да видат
предели разни.
Но, како со џебови,
полупразни?

Еве го патот!
Си стоиш крај автопатот.

Испружен палец - тоа е џокер.
Ќе налета некој возач добар.
И ти си веќе _____**СТО**_____________.(***автостопер***)

**Шесто:**
Во гатанкава,
три пати по сто.
Просто.

Некој чува стока
на стотина пати.
Во трлото и последната
овца ќе ја врати!

Занаетот - вешт и стар.
Знае да стокми
и ручек на жар.
Тој е **СТО**____________. (***сточар***)

**Седмо**:
Наука што подучува.
Векови проучува.

Што битки се одвивале,
што војски марширале?

Копјаници, штитови.
Вистини и митови!

Читанката отвори ја.
Подготви се за часот
по __**СТО**_____________. (***историја***)

## ДА ПРОВЕРИМЕ ДА ИЗМЕРИМЕ...

Сега на два пати ќе мериме.
Силите ќе си ги одмериме!
И тоа не е се.
Ќе дојдеме до имиња две!

Што мислиш,
торти напамет ли се прават?
Шеќерот, брашното,
јајцата од око ли се стават?

Се јави мама.
Се по ред си терам:
- Пред да ставам,
најнапред мерам!

И веќе сме на правата трага.
На ѕидот закачена
кујнската_____________. (***вага***)

Одлично!
Но има и нешто слично!
На пазарите, зарзаватчиите,
ги мерат јаболките, компирите...
Било во вреќа, било во канта.
Имаш ли видено________. (***кантар***)

# СОДРЖИНА

**ПЕСНИ ПОДНОВЕНИ, ОД ВАС ДОПИШАНИ И НАСЛОВЕНИ ........................................................................ 7**

## БЛИЗОК СВЕТ: ЦВЕЌИЊА, ИГРИ И ПО НЕКОЈ ТРОТИНЕТ

**ПО ПОЛЕ ПЛЕНИЛО, ЦРВЕНИЛО – (*булка, божурика*) ........ 10**

**СЕ ИСОНЧАЛ, А ЖОЛТ! – (*сончоглед*) ........................................ 11**

**НЕШТО СЛАТКО ЅИРКА ВО ГРАДИНАТА – (*јагошка*) ........ 12**

**ПРСТИ ДА ИЗЛИЖЕТЕ (*шорша*).................................................. 13**

**НЕМИРНА. А СЛУША!(*шойка*)..................................................... 14**

**УЧИЛИШНИ, ПАРКОВСКИ, ТРОТОАРСКИ…(*клуйа*)........... 15**

**ВО ПОЛЕТО – НЕБЕСЕН МОСТ(*виножишо*, божилак)........... 16**

**СЕКОЈ СИ ИМА ДОМ. И ПИЛЕНЦАТА!(*седалаша, гнезда*)... 17**

**ВЕТЕРЧЕ – ПРОЛЕТЕН ПОШТАР(*развигор*)............................ 18**

**АПРИЛ ГО УКРАСУВА(*лале*) ........................................................ 19**

**СЕ ВОЗИШ, СЕ ВОЗИШ…(*шрошинеш*)........................................ 21**

## ПЕСНИ СО СТАВ. СЕ ШТО ТЕ ОПКРУЖУВА, ОД ТОРБА ДО СТРАВ

**СИТЕ БУКВИ ЗАЕДНО(*азбукаша*)................................................ 23**

**ТИЕ СЕ ТОЧНИ И НАВРЕМЕНИ(*йешаци*) ................................ 25**

**МИЛЕНИЧЕ(*мачка*)** .................................................................. **26**

**СЕ ПЛАШИШ? НЕ!(*мрак*)** .................................................................. **27**

**НАЦРТАНО, ОБОЕНО(*цр̄ш̄анка*)**... .................................................................. **28**

**СЕ НОСИМЕ ПОДНОВЕНО(*мода*)**.................................................................. **29**

**МРАЗ ИЗЛАДЕНО И ЗАСЛАДЕНО(*сладолед*)** .................................................................. **30**

**КОЈ СЕ ПЛАШИ, КОЈ СЕ СТРАШИ?(*сш̄рав, сш̄рав лозје чува*)**
.................................................................. **31**

**АВТОПОРТРЕТ. ЗА СИТЕ!(*оѓледало*)** .................................................................. **32**

**ОД НЕА НЕ БОЛИ ГЛАВА- (*кай̄а*)**.................................................................. **33**

**ЗАПИШАНО, ИЗБРИШАНО(*крй̄и*)**.................................................................. **34**

**ЌЕ ВРНЕ ИЛИ НЕ?(*чадор*)**.................................................................. **35**

**И БРЗИНИ И КРИВИНИ(*ролерки*)** .................................................................. **36**

**КОГА ГЛАСНИ, КОГА ЅВОНЛИВИ,**
**КОГА МОЛЧАТ!(*ѕвоно, ѕвонче*)** .................................................................. **38**

**ПОРАСНУВАМЕ, ЗГОЛЕМУВАМЕ!(*луй̄а*)** .................................................................. **39**

**БЕШЕ ВАКА И ВАКА(*разѓовор, одѓовори*)**.................................................................. **41**

**ЖИВОТНИТЕ ГЛАВНА ФОРА(*басни*)** .................................................................. **42**

**ТАА Е НАЈТЕШКА. ДА СЕ СМАЛИ!(*ш̄орба*)**.................................................................. **44**

**ДРУГАРУВА СО ГУМИЧКАТА(*молив*)** .................................................................. **45**

**ЌЕ ЗАИГРА ЛИ…?(*сш̄ай̄ош̄*)** .................................................................. **46**

**ГОСТИТЕ СО РАСПНАТ ШАТОР, ЧУДА ПРАВАТ!(*циркуси*) .......................................................................................... 47**

**ДО, РЕ, МИ…(*клавир*) ........................................................ 49**

**РАЗМИСЛУВАЈ. НА ПОТЕГ СИ!(*шах*) ................................ 50**

**СПОРТУВАМЕ, ПАЃАМЕ И СТАНУВАМЕ!(*каратист, карате*) ................................................................................... 51**

**ПРЕД ЖИВОТНИТЕ, БЕЗ СТРАВ!(*ЗОО паркот*) ................... 53**

**НЕ ПОПУШТАШ, СЕ ЛУТИШ(*играчка – плачка*) ................... 55**

**СЛУШНИ ГО ОВЧАРЧЕТО(*кавал*) ........................................ 56**

**ЗЕЛЕНИ ПРИЈАТЕЛИ- (*дрворедите*) ..................................... 57**

**ПО ЛАДОВИНА ПО СЕНКОВИНА- (*паркот*) ......................... 59**

**СИ КРУЖИШ, СЕ ДРУЖИШ- (*рингишпил*) ............................ 61**

**РАСПЕАН ДЕКОР – СИТЕ ВО ИСТ ЧЕКОР! - (*оро, танец*) .. 62**

**ОДИМЕ НА ПРЕТСТАВА- (*театар*) ........................................ 63**

**ЧЕКОРИ НЕЖНИ И ЦВРСТИ,**
**СЕ ИГРА НА НОЖНИ ПРСТИ(*балет*) .................................... 65**

## НЕКОИ ЗАНАЕТИ И ТАБИЕТИ. ПОЧЕСТИ ИЛИ РЕТКИ, РОДНИНСКИ И СОСЕДСКИ

**СЕ СЛОЖУВАМЕ, СИ ВЕРУВАМЕ(*сосед*) ................................ 69**

**ПРИЈАТЕЛОТ ВО БЕЛО(*лекар*) ............................................... 70**

**ФАТИ СЕ ЗА КОПЧЕ. ЗА СРЕЌА!(*оџаџиѿе, оџачар*)..............71**

**ЅВОНИ. ОТВОРИ МУ!(*ѿошѿар*)..................................................72**

**ЗА ДОБАР АПЕТИТ(*ѓоѿвач*) ........................................................73**

**ДОБРЕДОЈДЕ ЗА ГОСТИНКИТЕ- (*ѿеѿка, вујна*)....................75**

**ПРВ ЛЕГНУВА ПРВ СТАНУВА- (*фурнаџија, ѿекар*)................77**

**ЌЕ ТИ ЗЕМАТ МЕРКА!(*шивач, шнајдер*)...................................78**

**КАЈ НАШИОТ КЛИМЕНТИ, ЧЕВЛИТЕ ПАЦИЕНТИ(*кондураџија, чевлар*) ...............................................79**

**И ЛЕВО И ДЕСНО – СЕ МУ Е В'ТЕСНО!(*бадијалџија*) ...........80**

**НЕМОЖЕ СО СУВИ НОЗЕ!(*рибар*)...............................................81**

## ОКОЛУ НАС СЕКОЈ ЌЕ СЕ СЕТИ: НИ ТРЕБААТ, КОРИСТИМЕ РАЗНИ ПРЕДМЕТИ

**ГИ СНЕМА ЛИ, НАЈДИ ГИ!(*очила*)..............................................83**

**СЕДНУВАМЕ, ГОСТИ ПРЕЧЕКУВАМЕ…(*маса*)......................84**

**ДОБАР ПАТ!(*авѿобус*) .....................................................................85**

**СИТЕ СМЕ ТУКА, НА ЕДНО МЕСТО(*фоѿоѓрафија, фоѿоѓрафија*)........................................................................................86**

**ДОБРА НОЌ!(*кревеѿ*)........................................................................88**

**СЕ ВОЗИШ СИ МИНИШ ПО ШИНИ!(*локомоѿива, ваѓони*)...89**

**ГЛЕДАМЕ, НЕ ГЛЕДААТ-(*ѿрозорец*) ............................................90**

**КОМАНДУВАЊЕ ЗА ТРГНУВАЊЕ, ЗА ЗАСТАНУВАЊЕ!-(*семафор*)........................................................................ 91**

**ДУВА. ОД ЖЕШТИНИ НЕ ЧУВА(*вентилатор*)........................ 92**

**ЅИРКАМЕ ПО ПОКРИВИТЕ(*оџак*) .............................................. 93**

**ДЕН ПО ДЕН(*календар*)................................................................ 94**

**СИТЕ СМЕ ТУКА – ВО ЕДНА КУЌА(*солитер, кула*) ............. 95**

**ЅВОНИ. ЈАВИ СЕ!(*телефонот*).................................................... 97**

**ШТО ИМА НОВО?(*радиото*) ....................................................... 98**

**ЧИТАЈ, ПРОЧИТАЈ(*весник*)......................................................... 100**

**НА ДЕДО МИ ДРУГАР(*бастун*)................................................... 101**

**ПОДАРУВАМЕ ЦВЕТОВИ(*букет*) .............................................. 102**

**КРАЈ ЈАЗОВИ КРАЈ СЕЛА, И ЛЕТЕ – БЕЛА!(*воденица*)..... 104**

## СО ЖИВОТНИТЕ ДРУЖБА.
## И САМО ЕДЕН ЛОВЕЦ ВО ПРИДРУЖБА

**СЕ СОБРАНО НА ВРЕМЕ(*верверичката*) ............................... 106**

**ЕВЕ ТИ ЈА: ШЕТА ПО ЛИВАДИ И НА ЧОКОЛАДИ(*крава*) ........................................................................................................ 107**

**ПОЛЗИ А ПОБЕДУВА(*желка*)...................................................... 108**

**ЛЕТ, ЛЕТ, НИЗ ЗЕЛЕН СВЕТ(*бубамара*).................................. 109**

**ОД ЈАЈЦЕТО - ПИЛЕ(*квачка*) ...................................................... 110**

**ДА НЕ ТЕ БОЦНЕ-(*оса*)....................................................................111**

**ЧУЕН ОД СИТЕ, ЗАЛЕНИОТ ЖИТЕЛ(жабите)........................112**

**БЕЛА ЗГОДА НА ЕДНА НОГА(*штрковите*)..........................113**

**ТИЕ СЕ ВРАТИЈА…(*ластовици, ластовичките*)....................114**

**КОЈ Е ВРЕДЕН, А КОЈ НЕ Е?(*штурец и мравка*)...................115**

**ЧИК, ЧИ РИК…(*врапчињата*)...........................................117**

**ЛЕТАЧ, ШЕТАЧ…(*пеперуга*)...........................................118**

**ЖИВЕЕ НА ВИСОКА НОГА(*жирафа*).................................120**

**ШТО ДА СЕ РЕЧЕ? ОВОЈ И ПЛИВА И СЕ ВЛЕЧЕ(*крокодил*) ..........................................................................................122**

**СОСЕДОТ ВО ЗЕЛЕНО(*ловец*).........................................123**

## СЕ СЛУЧУВА И НАВРНАТА ЗГОДА, ПЕСНИТЕ - ЖИВА ВОДА

**ВО КАРПИ СОКРИЕНО, ЛИЦЕ БИСТРО, ИЗМИЕНО-(*извор, извираше*)..........................................................................126**

**И ЖУБОРЛИВО И БИСТРО(*поток*)....................................128**

**ПОПЛАВЕНА ЛИ Е ПЕСНАВА?(*вода*)...............................129**

**ПО СИНО НЕБО(*облаци*)...............................................130**

**РЕКА НЕ СЕ СКОКА(*премостување, мост*).........................131**

## НЕКОЛКУ СТРАНИЦИ ОД ГРИЖИ РАСТОВАРЕНИ, ЗА КРАЈ ОСТАВЕНИ

**НЕ СЕ СНАШОЛ БОЈАН, ОДГАТНАЛ И ПОМОГНАЛ СТОЈАН! (*стол*), (*стоношка,стоногалка*), (*столар*), (*столетие*), (*автостопер*), (*историја*) ........................................ 134**

**ДА ПРОВЕРИМЕ ДА ИЗМЕРИМЕ (*вага, кантар*)... .............. 138**

Издавач:
**НОВИНСКО – ИЗДАВАЧКА И ПЕЧАТАРСКА ДЕЈНОСТ „КИТАНО“ Скопје**

**ГЦ Автокоманда, локал 51, тел: 02 / 3 171 – 387**

За издавачот:
**Мишо Китановски**

Корица и илустрации:
**Наташа Костовска**

Техничка соработка:
COPY center ТОНИ **(Иван Јовчевски)**

Печати:
**ПРО –ДИЗАЈН АБЅ Скопје**